ОПШТИНА БОСИЛОВО

# БИЗНИС ИНФОРМАТОР

30 Јули 2023 г.

(+389) 34 371 600
www.opstina bosilovo.gov.mk

## ТЕКОВНА СОРАБОТКА СО БИЗНИС СЕКТОРОТ

Општина Босилово е во секојдневен контакт со бизнис заедницата. Општината се труди на секој начин да им излезе во пресрет на нивните барања или иницијативи.

Најчеста е соработката со претставници на бизнис секторот при реализација на одредени проекти од страна на општината. Исто така при реализација на Програмата за локални улици и патишта се гледа и интересот на бизнис заедницата. Оттука и многу изградени улици и патишта кои во голема мера ги задоволуваат барањата на претприемачите во поглед на сообраќајната поврзаност, побрзиот транспорт на нивните производи и сл.

Соработката се остварува во континуитет и засега се одвива без некои поголеми проблеми.

## АКТУЕЛНО

**Советот на општина Босилово на една од своите последни седници има донесено Одлука за за нова урбанистичко планска документација за селата Босилово, Моноспитово, Дрвош и Бориево.**

**Со новата урбанистичка документација се создаваат услови за олеснување на постапките за градење како и за отварање на нови улици вонаселените места и зони за мало стопанство и лесна и незагадувачка индустрија.**

**Оваа планска документација е од голема корист особено за бизнис инвеститорите.**

ШТО Е СЛЕДНО **?**

Состанок со претставници на бизнис заедницата за активно вклучување на локалните претпријатија во организација на спортски и културни активности во општина Босилово

## Формулар за коментари, предлози и прашања за бизнис сектор

# КЛУЧЕН НАСТАН ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД

**Реконструкцијата на локалниот пат што води кон селата Иловица и Штука како и на локалниот пат од село Еднокуќево кон спој со магистрален пат А4 беше од исклучително големо значење како за локалните жители така, јавните претпријатија во општината така и за локалните претпријатија. Локалните патишта подолго време беше во значително лоша состојба и го отежнуваа нормалното одвивање на сообраќајот. Вкупно беа реконструирани 2.860 метри локална патна мрежа. По населени места: Еднокуќево 897 метри, Иловица 828 метри, Штука 865 м.**

# УСПЕШНА ПРИКАЗНА ЗА СОРАБОТКА СО БИЗНИС СЕКТОРОТ

**ДГТУ „Мајстор-компани„ с. Босилово како општествено одговорна компанија веќе подолго време остварува обострана соработка со општината. Вредно е да се одбележи последниот нивен ангажамн околу уредувањето на локалната депонија во село Босилово. Со градежна механизација нагажирана од нивна страна се изврши порамнување на насобраниот смет како и самиот пристап до и внатре во депонијата.**

# ШТО ПЛАНИРАМЕ СЛЕДНО?

**Реконструкцијата на дел од локалниот пат пат Турново – Иловица се наметнува како сериозен предизвик за општината. Истиот планираме да го започнеме и завршиме веќе наредниот месец.**

**Ова ќе претставува дополнување на претходно завршената реконструкција на локалниот пат што води кон селата Иловица и Штука.**

**Решавањето на проблемите околу локалната патна мрежа претставува врвен приоритет во работењето на општина Босилово.**

## ОБРАСЦИ НА УСЛУГИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА БИЗНИС СЕКТОРО

- https://opstinabosilovo.gov.mk/prasajgogradonacalnikot/
- https://opstinabosilovo.gov.mk/%d0%bf%d1%80%d0%b8%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b1%d0%bb%d0%b5%d0%bc/
- https://opstinabosilovo.gov.mk/document-category/%d0%b1%d0%b0%d1%80%d0%b0%d1%9a%d0%b0/
-

# БИЗНИС ИНФОРМАТОР

30 Јули 2023 г.

(+389) 034 371 600
www.opstina bosilovo.gov.mk

# ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

**Општина Босилово има донесено Стратегија за локален економски развој за периодот 2022 – 2027 година.**

**Стратегијата за локален економски развој на Општина Босилово е изработена со учество на сите засегнати страни во областите на делување на стратегијата: инфраструктурата, економски развој, развој на туризмот и земјоделството. Стратешкото планирање е процес за креирање на визија, и план за остварување на посакуваната иднина и претставува алатка за насочување на активностите за имплементација на стратегијата и нивно претставување во форма на стратешки документ.**

**Линк:**
**https://opstinabosilovo.gov.mk/%d0%be%d0%b4%d0%b4**

## ШТО НУДИ НАШАТА ОПШТИНА?

- Урабанистичко планска документација за секое населено место во општина Босилово,
- Општинска админситрација со одделенија во функција на бизнис секторот,
- Електронска комуникација
- Комунални услуги преку општинско комунално претпријатие ЈПКД „Огражден„ Босилово (водоснабдување и собирање и транспортирање на комунален отпад)

%d0%b5%d0%bb%d0%b5%d0%bd%d0%b8%d0%b5-%d0%b7%d0%b0-%d0%ba%d0%be%d0%bc%d1%83%d0%bd%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8-%d1%80%d0%b0%d0%b1%d0%be%d1%82%d0%b8-%d0%b7%d0%b0%d1%88%d1%82%d0%b8%d1%82/

ЛИНКОВИ ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ

Проекти
**https://opstinabosilovo.gov.mk/category/proekti/**

Јавни набавки
**https://opstinabosilovo.gov.mk/**

Плански регион
**https://southeast.mk/**

# Контакт за дополнителни информации за заинтересирани инвеститори


**(+389) 34 371 600**
**(+389) 70 303 795**

**www.opstinabosilovo.gov.mk**
**e-mail: opstinabosilovo1@gmail.com**

# КЛУЧНИ СЕКТОРИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ

- Земјоделството (изградба на откупно дистрибутивни центри)
- Изградба на објекти од областа на лесна и незагадувачка индустрија (индустриска зона Робово и Хамзали)
- Дрвна индустрија (преработка на дрво, дрвена амбалажа, производство на пелети, мебел)
- Угостителство (изградба на ресторани)

## КЛУЧНИ МОЖНОСТИ ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА ВО НАШАТА ОПШТИНАТА

- Сообраќајна позврзаност со магистралниот пат А4 кој минува низ централниот дел на општина Босилово
- Близина на пазари на земји членки на ЕУ (Република Бугарија, Република Грција)
- Развиено земјоделско производство – особено рано градинарското производство, производство на индустриски култури, тутун и сл.
- Поволни климатски услови
- Плодно земјоделско земјиште

## ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ

- Лозарство и производство на вино
- Градинарство
- Трговија со земјоделски производи
- Дрвна индустрија



# ПОДДРШКА ЗА СТАРТАПИ

**Општина Босилово во рамките на своите законски можности ќе излезе во пресрет на секоја стартап фирма која сака да започне со сопствен бизнис на територијата на општината.**

**Секоја идеја ќе биде прифатена и помогната доколку тоа се бара од општината.**

**Општината може да дава и соодветни препораки како подршка или да укажува на евентуални проблеми при развивањето на бизнис идејата. Во секој случај општинската администрација стои на располагање за соодветна подршка.**